# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 14.07.2012<br>Скопје<br>Број 16 год VII | Претплата за 2012 година изнесува 1500,00денари<br>Овој број чини 150,00денари |



e-mail:aerodrom@aerodrom.gov.mk www.aerodrom.gov.mk


Скопје, јули 2012 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром ("Службен гласник на Град Скопје" број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06, 02/2010 и 22/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за локалитет Мичурин Урбана единица А

Се објавува, Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за локалитет Мичурин Урбана единица А, донесена на шеесет и петтата седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 13.07.2012 година.

Број 08-6091/1 — Градоначалник
17 јули 2012 година — Ивица Коневски с.р.
Скопје

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 22 став 1, член 24 став 2 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05),член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), а согласно член 16 и 24 од Статутот на Општина Аеродром („Сл.гласник на Град Скопје“ бр.07/05) Советот на Општина Аеродром на 65 седница одржана на 13.07.2012 година донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на Детален урбанистички план за локалитет Мичурин Урбана единица А

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за локалитет Мичурин Урбана единица А, Скопје.

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за локалитет Мичурин Урбана единица А, Скопје ги почитува определбите на генералниот урбанистички план на Град Скопје („Сл. гласник на Град Скопје“ бр. 8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05), Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11),Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Сл. весник на РМ“ бр. 78/06) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план за локалитет Мичурин Урбана единица А, Скопје е со површина од **26.08 ха** и е во рамките на следните граници:

- **на североисток:** по осовината на булевар „Кузман Јосифовски - Питу“ се до раскрсница со булевар „Фрањо Клуз“
- **на југоисток:**по осовината на улицата „Фрањо Клуз“ се до раскрсница со булевар „3-та Македонска бригада“
- **на југозапад:**по осовината на булевар „3-та Македонска бригада“ се до раскрсница со улица „Борис Кидрич“

- **на северозапад:**по осовината на улицата „Борис Кидрич“, се до почетната точка

Биланс на показатели:
**Намена на површини**

| Намена на објекти | **260825 м2** | **површина** | **26.0825 (ха)** |
|---|---|---|---|

**А Домување**

А1-Домување во станбени куќи **28232 м2** **10.82%**
А2-Домување во станбени згради **83709 м2** **32,09%**

**Б Комерцијални и деловни намени**

Б1-Мали комерцијални и деловни намени **2072 м2** **0.79%**
Б2-Големи трговски единици **7678 м2** **2.95%**
Б4-Деловни дејности **1833 м2** **0.70%**

**В-Јавни институции**

В1-Образование и наука (Основно училиште) **18157 м2** **6.96%**
В2-Здравство и социјална заштита (детска градинка) **3885 м2** **1.49%**
В3-Култура (КУД) **1781 м2** **0.68%**
В4-Државни институции (месна заедница) **221 м2** **0.08%**
В5-Верски институции (црква) **1556 м2** **0.60%**

**Е Инфраструктура**

Е1-комунална инфраструктура-сообраќајни коридори **100746 м2** **38.53%**
Е2 -комунална супраструктрура-гаражна куќа, катна гаража **1079 м2** **0.41%**
Е2-комунална супраструктура-трафостаници **790 м2** **0.30 %**

**Д Зеленило и рекреација**

Д1- Парковско зеленило **6724 м2** **2.58%**
Д2- Заштитно зеленило
Д3-Спорт и рекреација(спортски терени и објекти) **2353 м2** **0.90%**

КК комерцијален коридор

**Вкупен плански опфат** **26.08 ха**

| | | |
|---|---|---|
| Број на блокови | | **12** |
| Вкупна површина на блокови (опфат) ................. | **260825 м2** | **26.08 ха** |
| Вкупна површина на градежни парцели................. | **154211 м2** | **15.42 ха** |
| Површина за градба ............................................. | **68237 м2** | |
| Бруто развиена површина.................................... | **340083 м2** | |
| Процент на изграденост | **44.25%** | |
| Коефициент на искористување | **2.21** | |
| Max. планирана катност/ max. височина до венец | **од П до П+5+Пк** | |
| Планирани паркинг места | **2774** | |

**Член 3**

**I. Документациона основа**

## II. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

*ИИ. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ*.......................................................................................2
*ИИИ. ГРАФИЧКИ ДЕЛ*.......................................................................................2
*ИВ. ГРАФИЧКИ ДЕЛ*.......................................................................................3

III. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ 1.1;1.2; И 1.3............................................................1:5000

ПОСТОЕН ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН- 2.1 ; 2.1.1, 2.2; 2.2.1............................1:1000
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА..................................................................1:1000
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМКА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ГРАДБИ.........................1:1000
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА..........1:1000
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА1:1000
САТЕЛИТСКА СНИМКА..........................................................................................1:2500

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

IV. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДБА И РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН.......................1:1000
2. ПЛАН НА ПАРЦЕЛАЦИЈА................................................. 1:1000
3.1 СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН ........................................................1:1000
3.2 СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН(ПОДЗЕМНО ПАРКИРАЊЕ)..........1:1000
4. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА.......................................................................1:1000
5. СИНТЕЗЕН ПЛАН.................................................................................................1:1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за спроведување на планот се составен дел на планот, направен според Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 51/05) и Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Аеродром и потпис на претседавачот на Советот на Општина Аеродром. презентација и јавната анкета.

**Член 5**

Советот на општината е должен во рок од 30 дена од донесување на планот да обезбеди картирање на планот на хамер или на астралон.

**Член 6**

Донесениот Детален урбанистички план се заверува во седум примероци од кои: еден се чува во архива на донесувачот на планот, а еден кај органот што го спроведува-сектор за комунални работи, урбанизам и заштита на животна средина.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром“.

Број 07-240/28
16 јули 2012 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром ("Службен гласник на Град Скопје" број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06, 02/2010 и 22/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт на Детален урбанистички план за локалитет Црква Урбана единица „Б“

Се објавува, Одлука за утврдување Нацрт на Детален урбанистички план за локалитет Црква Урбана единица „Б“, донесена на шеесет и петтата седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 13.07.2012 година.

Број 08-6094/1 Градоначалник
17 јули 2012 година Ивица Коневски с.р.
Скопје

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 22 став 1, член 24 став 2 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05), член 15 од Закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ бр.137/07), а согласно член 16 и 24 од Статутот на Општина Аеродром („Сл.гласник на Град Скопје“ бр.07/05) Советот на Општина Аеродром на 65-та седница одржана на 13.07.2012 година, донесе

# О Д Л У К А
# за утврдување Нацрт на Детален урбанистички план за локалитет „Црква“ Урбана единица „Б“ Општина Аеродром-Скопје

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува Нацрт на Детален урбанистички план за локалитет Црква Урбана единица „Б“, Скопје.

Одлуката за утврдување Нацрт на детален урбанистички план за локалитет Црква Урбана единица „Б“, Скопје ги почитува определбите на генералниот урбанистички план на Град Скопје („Сл. гласник на Град Скопје“ бр. 8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Сл. весник на РМ“ бр. 78/06) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 63/12).

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацртот на Деталниот урбанистички план за локалитет Црква Урбана единица “Б“, Скопје е со површина од **30.45 ха** и е во рамките на следните граници:

**На југоисток** улиците „Коста Новаковиќ“ и „Васко Карангелески“
**На југозапад** булевар „Третта Македонска ударна бригада“,
**На северозапад** булевар „Фрањо Клуз“
**На север** булевар „Јане Сандански“ и улицата „Владимир Комаров“

Биланс на показатели:

**Намена на површини**

| Намена на објекти | **површина 30.45 (ха)** |
|---|---|
| А Домување | |
| **А2-Домување во станбени згради** | **59020.85 м2** |
| Б Комерцијални и деловни намени | |

| | |
|---|---|
| **Б1-Мали комерцијални и деловни дејности** | **550.00 м2** |
| В-Јавни институции | |
| **В2-Здравство и социјална заштита (детска градинка)** | **2134,40 м2** |
| Г. Производство, дистрибуција и сервиси | |
| **Г3-Сервиси** | **150.00 м2** |
| Д Зеленило и рекреација | **17578.35 м2** |
| **Д1- Парковско зеленило** | |
| **Д2- Заштитно зеленило** | |
| Е Инфраструктура | **1200.00 м2** |
| **Е1-комунална инфраструктура**-(сообраќај) | |
| **Е2 –комунална супраструктрура** (трафостаници и катна гаража) | |
| Јавни паркиралишта | **16051.65 м2** |
| Комуникации | **98679.70 м2** |

| | |
|---|---|
| **Вкупен плански опфат** | **30.45 ха** |
| Број на блокови | **7** |
| Вкупна површина на блокови | **30.45 ха** |
| Максимална површина на парцели | **172190.30 м2** |
| Вкупна површина предвидена за градба | **63055.25 м2** |
| Максимална бруто развиена површина | **589276.00 м2** |
| Процент на изграденост | **20.70%** |
| Коефициент на искористување | **1.93** |
| Височина до венец | **П+1 до** |
| **П+10+Пк** | |
| Планирани паркинг места | **6346** |

**Член 3**

**Документациона основа**

СОДРЖИНА

Текстуален дел

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Воведен дел............................................................................................. 1
1. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат .......................................................................... 1
2. Историјат на планирањето....................................................................... 1
3. Природни чинители.................................................................................. 2
4. Создадени вредности............................................................................... 2
5. Инвентаризација и снимање на изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура ....................................................................... 3
5.1. Намена на просторот................................................................................ 3
5.2. Состојба на градежен фонд........................................................................ 3
5.3. Население.................................................................................................. 3
5.4. Сообраќај.................................................................................................. 3
6. Инвентаризација и снимање на постојни споменични целини и градби од културно-историско значење ........................................................ 4
7. Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура .. 4
7.1. Хидротехничка инфраструктура................................................................ 4
Водоснабдување.........................................................................................4

Канализација........................................................................................ 4
Фекална канализација.............................................................................. 4
Атмосферска канализација........................................................................ 4
7.2. Електроенергетска мрежа........................................................................ 5
7.3. Телефонска мрежа................................................................................... 5
7.4. Топлификациона мрежа .......................................................................... 5
8. Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби................... 5
9. Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план...... 6
10. Анализа на можностите за просторен развој............................................ 6
11. Извод од план од повисоко ниво............................................................... 6

Нумерички показатели.........................................................................

СОДРЖИНА

*ИИ. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ* ........................................................................2
*ИИИ. ГРАФИЧКИ ДЕЛ* ........................................................................2
*ИВ. ГРАФИЧКИ ДЕЛ* ........................................................................3

СОДРЖИНА

Текстуален дел

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

12. Вид на планот........................................................................................ 1
13. Географска и геодетска местоположба..................................................... 1
14. Извод од план од повисоко ниво............................................................... 2
15. Планска програма.................................................................................... 2
16. Плански концепт ..................................................................................... 3
17. Плански решенија за градба..................................................................... 3
18. Економско образложение......................................................................... 4
19. Општи услови за изградба........................................................................ 4
20. Посебни услови за изградба..................................................................... 8
21. Хидротехничка инфраструктура ........................................................ 16
А. Општо........................................................................................................ 16
Б. Водовод..................................................................................................... 16
В. Фекална канализација ............................................................................. 17
Г. Атмосферска канализација....................................................................... 17
22. Електроенергетика.................................................................................. 19
23. Телефонска мрежа.................................................................................. 26
24. Топлификациска мрежа........................................................................... 26

СОДРЖИНА

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. План на намена на земјиштето и градбите
Регулационен план
План на површини за градење.....................................................1/1000
2. Сообраќаен план.......................................................................1/1000
3. Сообраќаен план - подземно ниво............................................ 1/1000
4. Нивелациски план......................................................................1/1000

5. Инфраструктурен план........................................................................ 1/1000
6. Синтезен план................................................................................... 1/1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за спроведување на планот се составен дел на планот, направен според Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“бр.51/05) и Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 137/07,91/09,124/10,18/11 и 53/11).

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Аеродром ќе организира јавна презентација и јавна анкета на овој Нацрт план, со утврдување на времето и местото каде што ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Аеродром.

Број 07-240/27
16 јули 2012 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром ("Службен гласник на Град Скопје" број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06, 02/2010 и 22/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за давање согласност за потпишување на меморандум за разбирање и соработка помеѓу програмата за развој на Обединетите Нации, Државната комисија за спречување на корупција и Општина Аеродром

Се објавува, Одлуката за давање согласност за потпишување на меморандум за разбирање и соработка помеѓу програмата за развој на Обединетите Нации, Државната комисија за спречување на корупција и Општина Аеродром донесена на шеесет и петтата седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 13.07.2012 година.

Број 08-6093/1
77 јули 2012 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02) и член 24 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и Службен гласник на Општина Аеродром број 07/06 и 02/2010), Советот на Општина Аеродром на својата 65 седница одржана на ден 13.07.2012 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПОТПИШУВАЊЕ НА МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ и СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ

НАЦИИ, ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за потпишување на меморандум за разбирање и соработка помеѓу програмата за развој на Обединетите Нации, Државната комисија за спречување на корупција и Општина Аеродром, како и уште 11 други пилот општини.

Член 2

Општина Аеродром како учесник во проектот на УНДП „Поддршка за зајакнување на националниот и локалните системи на интегритет“, кој има основна цел за зајакнување на капацитетите на локалната власт за воведување на мерки за идентификување на ризиците од корупција и преземање на системски приод за нивно адресирање и понатамошна превенција, ќе го склучи следниот Меморандум:

**МЕМОРАНДУМ**
**ЗА РАЗБИРАЊЕ и СОРАБОТКА**
**ПОМЕЃУ ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ, ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**И**
**ОПШТИНИТЕ ВЕЛЕС, ГОСТИВАР, СТРУМИЦА, КАВАДАРЦИ, ГЕВГЕЛИЈА, КОЧАНИ, ДЕБАР, СВЕТИ НИКОЛЕ, КРАТОВО, ПЕТРОВЕЦ, БРВЕНИЦА и АЕРОДРОМ**

Каде што Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) и општините Велес, Гостивар, Струмица, Кавадарци, Гевгелија, Кочани, Дебар, Свети Николе, Кратово, Петровец, Брвеница и Аеродром имаат, врз основа на нивните надлежности, заедничка цел која се состои од воведување на рамката на системот на интегритет, зајакнување на институционалните и човечките капацитетите на општините за имплементација и мониторирање на елементите на системот на интегритет; градење на политики, организациска култура и процеси и со тоа ќе се ограничат можностите за корунтивно однесување и ќе се промовираат принципите на транспарентност, одговорност и професионалност.

Каде што УНДП доби од свои донатори одредени средства што беа распределени за програми и проекти, и како организација е одговорна пред своите донатори и својот Извршен одбор за соодветно управување со овие финансиски средства, и може, во согласност со финансиските регулативи и правила на УНДП и со програмскиот документ за земјата договорен со Владата ваквите ресурси да ги стави на располагање за соработка во форма на проект;

Каде што Стандардниот договор за основна помош од 30.10.1995 година утврдува основни правила и услови според кои помошта од УНДП во земјата и од извршните агенции поврзани со УНДП ќе биде управувана и доделена заедно со Владата;

Каде што дванаесетте (12) пилот општини изразија интерес за воспоставување партнерство за спроведување на проектот „Зајакнување на националниот и локалните системи на интегритет“ со цел да се обезбеди најдобро можно и ефикасно искористување на расположивите ресурси за развојните приоритети на државата, согласно со подолу утврдените начела.

Оттаму, врз основа на взаемната доверба и во духот на пријателската соработка, наведените општини, ДКСК и УНДП го склучуваат овој договор.

Вовед:

УНДП ја поддржа Државната комисија за спречување на корупцијата во развивање на Државната програма за спречување на корупцијата и судирот на интереси, 2011-2015. Процесот покажа дека еден од клучните прашања што треба да се адресираат е зајакнување на постоечките национални и локални системи на интегритет. Ова ќе придонесе кон надминување на значајните пречки кон доброто владеење, квалитетни услуги и транспарентно работење на институциите на јавната администрација и на единиците на локална самоуправа.

УНДП го започна проектот „Поддршка за зајакнување на националниот и локалните системи на интегритет“ со цел да ја подржи Државната комисија за спречување на корупцијата во нивната соработка со другите нациналии и локални институции фокусирајќи се кон воведување и одржување на ефективни решенија за адресирање на ризиците од корупција/нарушување на интегритетот во јавнат аадминистрација и на администрацијата на локално ниво.

За таа цел проектот го поддржа процесот на дефинирање и развивање на концептот на општата рамка на системот на интегритет за јавната и општинската администрација. Клучен дел од концептот е механизмот за идентификување на ризиците од корупција во институциите/општините и примена на правила и воспоставените процедури за адресирање и контрола на идентификуваните ризици од корупција.

**Член 1**

Цели и опсег

1. Со цел зајакнување на капацитетите локалната власт за воведување на мерки за идентификување на ризиците од корупција и преземање на системски приод за нивно адресирање и понатамошна превенција, страните се согласни да воспостават тесна соработка во рамките на УНДП проектот „Поддршка за зајакнување на националниот и локалните системи на интегритет“

2. Страните се согласни соработката да биде иницирана преку реализација на соодветните активности во рамките на проектот „Поддршка за зајакнување на националниот и локалните системи на интегритет“ кој има за цел воведување на рамката на системот на интегритет во единиците на локална самоуправа и да креира соодветна организациска култура и процедури. Ова ќе се постигне преку: обезбедување на обука на лица од општините одговорни за имплементација и мониторирање на елементите од системот на интегритет, дефинирање на Акционен план за воведување на системот на интегритет.

3. Активностите ќе се спроведуваат во партнерство помеѓу Страните и во соработка со соодветните владини институции/агенции (Државната Комисија за Спречување на Корупцијата, Министерството за Информатичко општество и администрација, а ќе бидат финансирани од фонд на Владата на Норвешка.

4. Со цел да придонесат кон ефикасна и навремена реализација на проектот, општините Велес, Гостивар, Струмица, Кавадарци, Гевгелија, Кочани, Дебар, Свети Николе, Кратово, Петровец, Брвеница и Аеродром ќе бидат одговорни за следниве проектни активности:
   - Номинација на одговорно лице од општините кое ќе биде обучено за спроведување и мониторирање на рамката на системот за интегритет во општините, ќе биде контакт лице за проектот, ќе го координира процесот во општината и ќе рапортира на УНДП за прогресот на активностите;
   - Во соработка со УНДП ќе развијат Акционен план на општината со предвидените активности и временска рамка за воведување на предложениот системот на интегритет во општината

- Спроведување на одделните елементи на системот на интегритет од договорениот Акционен план и во временска рамка одредена во Акциониот план;
- Доставување редовни повратни информации до ДКСК и УНДП за текот на спроведување на активностите

5. Страните ќе вложат максимални напори за воспоставување подлабока соработка насочена кон заедничко мобилизирање и искористување на човечките и финансиските ресурси, со цел задоволување на приоритетите на државата во областите од заеднички интерес.

6. Страните ќе се информираат едни со други преку споделување на сите релевантни информации во согласност со воспоставената соработка, а со цел да ги зголемат можностите за пристап до специјализирана техничка и стратегиска помош во оперативната област и областа на политиките заради задоволување на приоритетните потреби на државата.

**Член 2**

**Употреба на име и амблем**

1. Ниедна од Страните нема да го користи името, амблемот или заштитниот знак на некоја од другите Страни, нејзина подружница и/или филијала, ниту кратенка од истата, во врска со својот бизнис или поинаку, без претходно експлицитно писмено одобрение од другата Страна во сите случаи. Во никаков случај не смее да се даде дозвола за користење на името или амблемот на УНДП или на било каква кратенка поврзана со оваа организација за комерцијални цели.

2. Потписниците изјавуваат дека се запознати со идеалите и целите на УНДП и прифаќаат името и амблемот на оваа организација да не се поврзуваат со било каква политичка кауза или на поинаков начин којшто е некомпатибилен со статусот, репутацијата и неутралноста на УНДП.

3. Страните се согласни да го признаат и официјализираат ова партнерство. За таа цел, Страните ќе се консултираат меѓусебно околу начинот и формата на таквото признавање и официјализирање.

**Член 3**

**Времетраење, прекин на важноста и изменување на Меморандумот за разбирање**

1. Овој Меморандум за разбирање влегува во сила со неговото потпишување од секоја од Страните.

2. Во случај на прекин на важноста на Меморандумот за разбирање, сите договори за споделување трошоци и проектни документи склучени во согласност со овој Меморандум за разбирање може исто така да бидат прекинати во согласност со одредбите за прекинување на важноста на договорот содржани во таквите договори. Во таков случај, Страните ќе ги преземат потребните чекори преку кои активностите што се спроведуваат во согласност со Меморандумот за разбирање, договорите за споделување трошоци и проектните документи ќе бидат завршени на брз и соодветен начин.

3. Овој Меморандум за разбирање може да претпри измени само со писмена согласност од Страните.

**Член 4**

**Решавање спорови**

1. Страните ќе вложат максимални напори да го решат на пријателски начин евентуалниот спор, полемика или побарување што произлегува од овој

Меморандум за разбирање. Во случаите кога Страните сакаат да постигнат пријателско решавање преку помирување, истото ќе се одвива во согласност со Правилникот за помирување на Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право (UNCITRAL) или согласно со друга процедура за која ќе се договорат Страните.

2. Секој спор, полемика или побарување помеѓу Страните што произлегува од овој Меморандум за разбирање што нема да се реши на пријателски начин во согласност со претходниот став ќе биде упатен на арбитража во согласност со важечкиот арбитражен правилник на UNCITRAL. Арбитражниот суд нема овластување да досуди казнено обештетување. Страните се обврзани да ја почитуваат секоја арбитражна одлука донесена како резултат на таквата арбитража како конечна пресуда за спорот, полемиката или побарувањето.

3. Овој Меморандум подразбира целосно разбирање од секоја од Страните на предметната материја во него и истиот ги заменува сите претходни договори што се однесуваат на истата предметна материја. Неисполнување на одредба од овој Меморандум за разбирање од страна на било која од Страните нема да претставува откажување од таа или од било која друга одредба од Меморандумот. Невалидноста или неспроведливоста на некоја одредба од овој Меморандум нема да влијае врз валидноста или спроведливоста на било која друга одредба од Меморандумот.

**Член V**
**Привилегии и имунитет**

Ништо што е содржано во овој Меморандум за разбирање или што се однесува на него нема да се смета за откажување, експлицитно или имплицитно, од било која од привилегиите и имунитетот на Обединетите нации, вклучувајќи ги и неговите супсидијарни органи.

Доколку сте согласни со претходниве одредби, Ве молиме да го потпишете Меморандумот за разбирање. Откако сите Страни ќе го потпишат, овој Меморандум за разбирање ќе стане договор помеѓу општините Велес, Гостивар, Струмица, Кавадарци, Гевгелија, Кочани, Дебар, Свети Николе, Кратово, Петровец, Брвеница, Аеродром, УНДП и ДКСК во врска со одредбите од членот 1 од истиот.

**Како потврда на горенаведеното**, овластените претставници на Страните се потпишуваат на местата определени подолу.

Ивица Коневски
Градоначалник на општина Аеродром

Љубинка Корабоска
Претседател на Државната Комисија за спречување на корупција

Алесандро Фракасети
Заменик Постојан Претставник на УНДП

---

Чпн 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром”.

Број 07-240/25
16 јули 2012 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром ("Службен гласник на Град Скопје" број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06, 02/2010 и 22/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за давање на согласност Договор за доделување на финансиски средства , помеѓу Општина Аеродром и Министерство за животна средина

Се објавува, Одлуката за давање на согласност Договор за доделување на финансиски средства, помеѓу Општина Аеродром и Министерство за животна средина, донесена на шеесет и петтата седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 13.07.2012 година.

Број 08-6087/1 Градоначалник
17 јули 2012 година Ивица Коневски с.р.
Скопје

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) в.в. со член 24 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Град Скопје" број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром" број 07/06, 02/2010 и 22/2010) и член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), Советот на Општина Аеродром на 65-та седница, одржана на ден 13.07.2011 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

за давање на согласност Договор за доделување на финансиски средства , помеѓу Општина Аеродром и Министерство за животна средина

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Договор за доделување на финансиски средства, за набавка на зимзелени садници кои би се посадиле на територијата на Општина Аеродром, помеѓу Општина Аеродром и Министерство за животна средина .

Средствата од став 1 на овој член се доделуваат врз основа на Одлука за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски доотации на општините за 2012 година, донесена од страна на Владата на РМ, број 41-2447/1 од 05.04.2012 година (“Службен весник на Република Македонија “ бр.53/012).

Член 2

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни, ќе се склучи следниот, Договор:

Врз основа на Одлуката бр.41-2447/1 од 05.04.2012 година (“Службен весник на Република Македонија “ бр.53/012) на Владата на Република Македонија за

распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2012 година , како и барањето бр. 02-5377/1 од 28.05.2012 година на општина Аеродром договорните страни:

1. Министерство за животна средина и просторно планирање преставувано од Министерот Абдилаќим Адеми (во понатамошниот текст Минисетрството) и
2. Општина Аеродром преставувана од градоначалникот Ивица Коневски (во понатамошниот текст Корисникот) склучија

**Д О Г О В О Р**

за доделување на средства

1. **ПРЕДМЕТ НА ДОГОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е доделување на финасиски средства согласно Одлуката 41-2447/1 од 05.04.2012 година, за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски доотации на општините за 2012 година согласно барањето на општина Аеродром. бр. 02-5377/1 од 28.05.2012 година

**Член 2**

Вкупната вредност на средствата доделени со одлуката од член 1 на овој договор за опшрина Аеродром изнесува 64.852,00 денари , а ќе бидат користени за : набавка на зимзелени садници кои би се посадиле на територијата на Општина Аеродром со цел да се надогради зеленилото.

**Член 3**

Министерството превзема финасиска обврска само за исплата во висина на износот даден во член 2 на овој договор.

**Член 4**

Договорните страни се согласни сите дополнителни и непредвидени работи кои ќе произлезат од реализацијата на работите од член два на овој договор да ги финасира корисникот од свои средства или да обезбеди дополнителни средства .

**Член 5**

Министерството нема финансисики обврски кон корисникот во случај ако поради недостиг на средства или пот6реба од доплнителни средства неможат целосно да бидат реализирани работите од член 2 на овој Договор.

1. **ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

**1.1 Обврски на корисникот**

**Член 6**

Корисникот има обврска да ги реализира целосно работите дадени во член 2 на овој Договор, согласно доставената проектна документација, финасиската конструкција и временската рамказа реализација на истата.

**Член 7**

Кориникот пред започувањето на работите дадени во член 2 на овој Договор има обврска да именува стручно лице за контакт кое ќе ги дава потребните информации за реализација на работите, предмет на овој договор иза тоа го извести Министерството.

**Член 8**

Корисникот е должен ;

- Да ја спроведе постапкта за избор на најповолен понудувач кој ќе ги реализира работите дадени во член 2 на овој Договор, согласно Законот за јавните набавки.
- Да достави извештај и копија од спорведената постапка за избор на најповолен понудувач . до Министерството
- Да го достави договорот за извршување на работите од челн 2 на овој договор со најповолниот понудувач

**2.2. ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО**

**Член 9**

Министерството ќе назначи лице за вршење на сопствен надзор и контрола на реализација на работите предмет на овој договор и за тоа ќе ја извести Општината.

**Член 10**

Министерството ќе ја врши исплатата на договорената сума врз основа на доставена исплатна документација по извршувањето на работите од член 2 на овој договор, одобрени овластеното лице од Министерството.

2. **РОК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТИТЕ**

**Член 11**

Рокот за реализација на работите дадени во член 2 на овој Договор е до 15.12.2011 година, а почнува да тече од денот на потпишувањето на Договорот.

**3. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 12**

Измени и дополнувања на овој договор ќе бидат можни исклучиво со писмена согхласност на двете договорни старни (Анекс).

**Член 13**

Корисникот ја сноси целата одговорност за целосна реализација на работите од член 2 на овој Договор.

При констатирањето на неправилности и незаконитости при коритењето на средствата Министерството може да ја запре исплатата на средствата до останувањето на тие неправ илности и за тоа да го извести Министерството за финансии.

**Член 15**

Сите евентуално настанати спорови околу реализацијата на овој Договор ќе се разгледуваат заеднички помеѓу договорните страни и доклку не се најде соодветна солуцуја преку спогодување, арбитрирањето на ваквата сосотјба ѓе го врши Основниот суд во Скопје.

**Член 16**

За се што не е предвидено со овј договор важа одредбите од Законот за облигационите односи и другите закони кој ја регулираат оваа област.

**Член 17**

Овој Договор е составен во 4(Четири) еднобразни примероци по 2(два) за секоја договорна страна.

Општина Аеродром
Градоначалник
Ивица Коневски

Министерство за животна средина
и просторно планирање
Министер

Абдилаќим Адеми

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром”.

Број 07-240/24
16 јули 2012 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром ("Службен гласник на Град Скопје" број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06, 02/2010 и 22/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за давање на согласност за спогодбено преземање на јавни службеници од ЈП Македонијапат - Скопје

Се објавува, Одлуката за давање на согласност за спогодбено преземање на јавни службеници од ЈП Македонијапат - Скопје, донесена на шеесет и четвртата седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 26.06.2012 година.

Број 08-6090/1
17 јули 2012 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 17 и од Законот за државните службеници („Службен весник на РМ 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008, 06/09, 114/09, 35/2010, 167/2010, 36/2011, 6/2012 и 24/2012) в.в со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и Заклучоците на Владата на Република Македонија за суфицит и дефицит, Советот на Општина Аеродром на својата 65-та одржана на 13.07.2012 година, донесе

О Д Л У К А

за давање на согласност за спогодбено преземање на јавни службеници од ЈП Македонијапат - Скопје

Член 1

Со оваа одлука се дава на согласност за спогодбено преземање на следниве јавни службеници од ЈП Македонијапат - Скопје во општинската администрација на Општина Аеродром:

Владимир Андреевски
Горан Славковски.

Член 2

За оваа намена се обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општина Аеродром за 2012 година.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром“.

Број 07-240/21

Претседател на Совет

17 јули 2012 година на Општина Аеродром
Скопје Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром ("Службен гласник на Град Скопје" број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06, 02/2010 и 22/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Општина Аеродром

Се објавува, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Општина Аеродром, донесена на шеесет и петтата седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 13.07.2012 година.

Број 08-6119/1 Градоначалник
17 јули 2012 година Ивица Коневски с.р.
Скопје

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ број 05/02) и член 122,123 и 124 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Град Скопје“ број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06, 02/10 и 22/10), Советот на Општина Аеродром на 65-та седница одржана на ден 13.07.2012 година, донесе

О Д Л У К А

за измена и дополнување на Статутот на Општина Аеродром

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Статутот на Општина Аеродром, број 07-164/1 од 13.06.2005 година („Службен гласник на Град Скопје“ број 07/05), број 07-2554/4 од 12.06.2006 година(„Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06 ), број 07-19/28/ од 28.01.2010 година („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 02/10) и број 07-430/34 од 13.12.2010 година („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 22/10)

Член 2

Измената и дополнувањето се врши на следниот начин:

- во член 35 став 1, алинеја 7 и член 44 – се бришат зборовите Комисија за родова еднаквост, и на нивно место се додава Комисија за еднакви можности на жените и мажите;
- во член 72 став 1 се бришат зборовите „ во писмена форма или усно на записник, поединечно или групно, до градоначалникот“ и на нивно место се додава „ во писмена форма, усно на записник или во електронска форма„. Во истиот член после ставот два се додава нов став кој гласи:„ По поднесените претставки и предлози постапува едно или повеќе овластени лица, определни од страна на Градоначалникот. Истите постапуваат согласно Законот за постапување по претставки и предлози“

- во член 75 се брише ставот 1 и на негово место се додава „Градоначалникот на општината, преку овлатените лица за постапување по претставки и предлози, е должен да му одговори на подносителот за основаноста и за резултатите од постапувањето во рок од 15 дена, а за сложени прашања во рок од 30 дена од приемот на претставката, односно предлогот“.
- Член 122 се менува и гласи „Измени и дополнување на Статутот на Општината може да предложи член на Советот, комисија на Советот, Градоначалникот и најмалку 10% од граѓаните со право на глас, жители на подрачјето на Општината“.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Аеродром“.

Број 07-240/14
16 јули 2012 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром ("Службен гласник на Град Скопје" број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06, 02/2010 и 22/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за одобрување на исплата на надоместок за уредување на градежно земјиште на подрачје на Општина Аеродром, од страна на Акционерското друштво за стопанисување со стамбен и деловен простор на РМ, со одложено плаќање

Се објавува, Одлуката за одобрување на исплата на надоместок за уредување на градежно земјиште на подрачје на Општина Аеродром, од страна на Акционерското друштво за стопанисување со стамбен и деловен простор на РМ, со одложено плаќање, донесен на шеесет и петтата седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 13.07.2012 година.

Број 08-6092/1
17 јули 2012 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02), член 24 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје“ број 07/05 и Службен гласник на Општина Аеродром број 07/06 и 02/2010) и член 4 став 1 точка 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број

61/04), Советот на Општина Аеродром на својата шеесет и петта седница одржана на ден 13.07.2012 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за одобрување на исплата на надоместок за уредување на градежно земјиште на подрачје на Општина Аеродром, од страна на Акционерското друштво за стопанисување со стамбен и деловен простор на РМ, со одложено плаќање

Член 1

Со оваа одлука се одобрува, дел од исплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште за подрачје на Општина Аеродром од страна на Акционерското друштво за стопанисување со стамбен и деловен простор на РМ, да се изврши со одложено плаќање.

Член 2

Одложеното плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, од страна на Акционерското друштво за стопанисување со стамбен и деловен простор на РМ за изградба на станбено деловен објект на ГП 3.1 од ДУП за локалкитет Индустриска зона – УЕ В на ул. Трета Македонска Бригада, (за делот од 40 % кој треба да се уплати на сметка на Општина Аеродром) во износ од 31.144.532,00 денари ќе се врши на следниот начин:

- 50% од надоместокот да се уплатат веднаш по склучување на договорот пред добивање на одобрение за градење;
- 25% од надоместокот да се плати 12 месеци по првата уплата;
